Општина Охрид

Бр.09-2650/1

Охрид,01.03.2026 год.

ГРАДОНАЧАЛНИК
Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид
Тел. (046) 262-492
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и 202/24) и член 34 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), во врска со член 50 од Законот за урбанистичко планирање(„Сл.Весник на РСМ“бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Градоначалникот на Општина Охрид, донесе:

**ОДЛУКА**
**за организирање јавна анкета и јавна презентација за ДУП за УЗ 8 УБ 8.1 - опфат 3, Општина Охрид,**

**СЕ ОРГАНИЗИРА** јавна анкета и јавна презентација за **Нацрт Детален урбанистички план за УЗ 8 УБ 8.1 опфат 3, Општина Охрид, 2022-2027**, со тех. бр. 53/20-22 од декември 2025 год., изработен од ДПУП "Пологпроект-ПРО" доо Гостивар.

Планскиот опфат на **Нацрт ДУП за УЗ 8 УБ 8.1 – опфат 3, општина Охрид,** е со површина од **6,25 ха**

1. Местоположбата на Планскиот опфат на **Нацрт ДУП за УЗ 8 УБ 8.1 – опфат 3, општина Охрид,** 2022-2027, е дефинирана на следниот начин:
   - на југозапад се движи по осовината на станбена улица "Никола Карев", на северозапад се движи по осовината на станбена улица "Лазо Трпоски", на североисток се движи по осовината на сервисна улица "Ванчо Питошески" со ознака СЕ 8.2, продолжува кон југозапад по освовината на станбена улица "Мирче Ацев" до спојот со осовината на станбена улица "Галичица", кон југоисток продолжува по осовината на станбена улица "Галичица" и од југоисток е дефинирана со осовината на сервисна улица "АСНОМ" со ознака СЕ 8.1

2. Планскиот опфат на Н**ацрт Детален урбанистички план за УЗ 8 УБ 8.1 опфат 3, Општина Охрид,** е со површина од6,25 ха

3. Планскиот опфат е дефиниран во границите на:
   - станбена улица "Никола Карев"
   - станбена улица "Лазо Трпоски"
   - сервисна улица "Ванчо Питошески"
   - станбена улица "Мирче Ацев"
   - станбена улица "Галичица"
   - сервисна улица "АСНОМ"

**Општина Охрид**

ГРАДОНАЧАЛНИК

Димитар Влахов бр. 57
6000 Охрид

Тел. (046) 262-492
Фах. (046) 262-545
www.ohrid.gov.mk

4. Јавната анкета ќе трае од **19.03.2026 до 20.04.2026 год.**

5. Јавната презентација ќе се одржи во големата сала на општин Охрид на ден **07.04.2026год.**со почеток во**12.00часот**

6. Заради обезбедување пристапност и увид од страна на граѓаните и правните лица, планот освен н ектронскиот систем е-урбанизам, ќе биде истакнат во холот на општина Охрид пред големата сала за состаноци, ќе биде објавен на web страната на Општина Охрид, а Повикот за организирање на ЈА и ЈП ќе биде објавен во информацискиот систем е-урбанизам, на веб-страната на општината, со печатени плакати и соопштенија во и околу подрачјето на планскиот опфат.

7. Стручната служба ќе дава објаснување секој работен ден од 12 до 14 часот во просториите на општина Охрид.

8. Заинтересираните граѓани и правни лица своите предлози ,забелешки и мислења можат да ги достават на анкетни листови во хартиена форма и електронска форма додека трае јавната анкета.

ГРАДОНАЧАЛНИК
**Кирил Пецаков**

Република Северна Македонија Градоначалник на Охрид * ОХРИД *